Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut

СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
KËSHILLI GJYQËSOR I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT

Ул. "Македонија"бр.5, 1000 Скопје | тел.02/3218 130 факс.02/3218 131 | contact@ssrm.mk
Rr. "Makedonija" nr.5, 1000 Shkup | tel.02/3218 130 faksi.02/3218 131 | contact@ssrm.mk

Бр.________________

________________ год.

СКОПЈЕ

СУДСКИОТ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, врз основа на член 100 од Уставот на Република Северна Македонија, амандман XXIX, член 36 став 1 алинеја 8 во врска со член 99 став 1 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија (Службен весник на РСМ бр102/19) и член 65 став 4 од Законот за судовите (Службен весник на РМ бр.58/2006, 35/2008, 150/2010 и 83/18 и Службен весник на РСМ бр.96/19), на нејавна седница одржана на ден 21.05.2024 година, го донесе следното:

## Р Е Ш Е Н И Е

**СЕ ОДЗЕМА** имунитетот на Н.Г., судија на В.С.Р.С.М., заради непречено водење на кривичната постапка.

## О б р а з л о ж е н и е

До Судскиот совет на Република Северна Македонија на ден 20.05.2024 година, доставено е барање од судија на претходна постапка на О.К.С. Скопје, за одземање на имунитетот и за одобрување на мерка притвор на осомничениот Н.Г., судија на В.С.Р.С.М., заведено во Советот под бр.10-78/1 од 20.05.2024 година. Во барањето е наведено дека од страна на О.Ј.О. за Г.О.К.К., на 20.05.2024 година до судија на претходна постапка на О.К.С. Скопје, Одделение за О.К.К., поднесен е предлог од 20.05.2024 година за определување на мерка притвор против осомничениот Н.Г., судија на В.С.Р.С.М., согласно член 165 став 1 точка 1, 2 и 3 од ЗКП, поради постоење на основано сомнение дека сторил кривично дело – Примање на награда за противзаконито влијание од член 359 став 7 в.в со став 3 в.в. со став 1 од КЗ. Воедно е наведено и дека за да може судот да постапи по предлогот за определување мерка притвор против осомничениот, а водејќи се од правото на судиите во вршење на судиската функција да уживаат имунитет, се поднесува барање за

одземање на судскиот имунитет на судијата како и за одобрување на предлогот за притвор.

Во член 36 став 1 алинеја 8 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија е предвидено дека Советот е надлежен да одлучува и за одземање на имунитет на судија.

Согласно член 99 став 1 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија, Советот одлучува за одземање на имунитетот на судија во случаи утврдени со закон. Согласно став 3 од истиот член, постапката во која Советот одлучува за одземање на имунитет на судија е итна и се спроведува во рок од 24 часа од доставеното барање односно известувањето за притвор.

Во член 65 став 1 од Законот за судовите е предвидено дека судиите во вршењето на судиската функција уживаат имунитет. Во став 4 е предвидено дека за одземање на имунитетот на судиите одлучува Судскиот совет на Републикиа Северна Македонија, а во став 5 дека постапката за одлучување за одземање на имунитетот на судијата е итна.

Имајќи ги предвид наведените законски одредби, Судскиот совет на Република Северна Македонија на одржаната нејавна седница, постапувајќи по барањето на О.К.С. Скопје, Одделение за О.К.К., а во врска со предлогот на О.Ј.О. за О.К.К., од 20.05.2024 година, донесе одлука да се одземе имунитетот на Н.Г., судија на В.С.Р.С.М., со цел да се обезбеди непречено водење на кривичната постапка.